Врз основа на член 20 од Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје и член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 17.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпис на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од Законот за отпишување на камати (Сл.весник на РМ бр.220/18) по основ на топлинска енергија, на потрошувачите од населбите Железара, Автокоманда, Маџари и Хиподром во Скопје**

1. Согласно член 1 став 1 и член 4 став 4 од Законот за отпишување на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, радио дифузна такса, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште (Сл.весник на РМ бр.220/18) АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје во својство на доверител, врши отпис на каматите за наплата на долговите кои произлегуваат од услугите-снабдување со топлинска енергија на потрошувачите од населбите Железара, Автокоманда, Маџари и Хиподром во Скопје, кои АД ЕЛЕМ - Скопје, Подружница Енергетика - Скопје ги обезбедува како вршител на комунална дејност, и за кои постојат решенија за извршување издадени од суд заклучно со 25 мај 2006 година, трансферирани кај нотар или извршител согласно со одредбите на членовите 13 и 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување (Сл.весник на РМ бр.83/09) и член 1 од Законот за изменување на Законот за извршување (Сл.весник на РМ бр.88/10).

2.Право на отпис на камата остварува секое физичко лице-должник кој ќе изврши уплата на главниот долг и трошоците (судски, нотарски, адвокатски, трошоци за извршување) на постапката на доверителот АД ЕЛЕМ - Скопје, Подружница Енергетика-Скопје во рок од 12 месеци од денот на објавувањето на оваа Одлука на веб страницата на АД ЕЛЕМ-Скопје.

3.Се известуваат сите физички лица-должници за топлинска енергија кои ги исполнуваат условите од точка 1 од оваа Одлука и ќе извршат уплата на главниот долг и трошоците (судски, нотарски, адвокатски, трошоци за извршување) на постапката во целост, на доверителот АД ЕЛЕМ, Скопје, Подружница Енергетика-Скопје, да достават барање со приложен доказ за извршената уплата, во архивата на АД ЕЛЕМ-Скопје, Подружница Енергетика-Скопје, или на адреса: ул.16-та Македонска бригада бр. 18, Скопје, поштенски фах 734, со назнака „За отпис на камата".

4. Оваа Одлука да се објави на веб страницата на АД ЕЛЕМ-Скопје.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател,**
**д-р Драган Миновски**

**УО бр.02-6646/73/7.1**
**17.12.2018 година**
**Скопје**